## Овластување полномошници

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на Собранието. Полномошното се издава во писмена форма со пополнување на образецот за гласање преку полномошник **(полномошно за физички лица-линк)** и **(полномошно за правни лица-линк).**

Полномошното мора да содржи комплетни податоци за идентитетот на акционерот и полномошникот, и тоа:

- **за акционерот** – пополнето целосно име и презиме, своерачен потпис и ЕМБГ на акционерот – физичко лице, односно назив, седиште, печат, ЕМБС, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер – правно лице;
- **за полномошникот** – целосно име, презиме и ЕМБГ за полномошник физичко лице, односно назив, седиште и ЕМБС за полномошник – правно лице.

Акционерите се должни веднаш да ја известат Банката за секое дадено полномошно со доставување на копија од целосно пополнет образец по електронски пат на адреса: sekretarijat@nlb.mk или по писмен пат на адреса: НЛБ Банка АД Скопје, ул. Мајка Тереза бр. 1, 1000 Скопје, Сектор за правни работи и секретаријат, со назнака **"за Собрание на акционери".**

Полномошникот е должен при евиденција на своето присуство на Собранието да го предаде полномошното во писмена форма во оригинал, како и да презентира документ за идентификација – лична карта или пасош.